*АДВОКАТ*
*ЖАРКО СТЕВАНОСКИ*
*Лиценца бр.3207*
*Булевар Маршал Тито бр.35-Прилеп*
*e-mail: adv.zarestevanoski@yahoo.com, диг.потпис: sha256RSA, CRT3570821*
*ж-ска:300020000515202 Комерцијална Банка АД Скопје*
*ЕДБ МК 5021012503372*
*моб.075-794-972; раб.048-551380.*


АДВОКАТ
ЖАРКО СТЕВАНОСКИ
075/79 49 72

**ИТНО**
**ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ! ! !**

ОСНОВЕН СУД
ВО ПРИЛЕП
ПРИМЕНО
на 17 JUIN 2024 год.

ДО
ОСНОВЕН СУД
П Р И Л Е П

ДОВЕРИТЕЛИ: [redacted]

ДОЛЖНИЦИ: 1. Јавно претпријатие за државни патишта, со седиште на ул.Даме Гр бр.14 Скопје-Центар, со ЕДБ4080013533677, ЕМБС6839673, застапувано од овластеното лице Директор Ејуп Рустеми од Тетово, со адреса на ул.101 ББ Џепчиште-Тетово.

2. БЕХТЕЛ ЕНКА УК2 ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје со седиште на ул.Максим Горки бр.13 настел-згр.1 вл.1/4/4 Скопје Центар, со ЕДБ4080022603491, ЕМБС7567626, застапувано од овластените лица Озгер Инал од Турција, со живеалиште на адреса Зинцирликују Јолу бр.10 34349 Бешикташ, Истамбул-Турција, Џанберк Атилла од Турција, со адреса Гултепе Маџ., 4868 СК, Селале Конокларти, Б Блок бр.35Б-ИЦ Капи бр.29 Меркезефенди, Денизли, ел.сандаче: canberk.atilla@enka.com, Кристофер Андерсон Џенниoнс од САД, со адреса: 7А Арундел Сквер Лондон, Н7 8АТ, Обединето Кралство, ел.сандаче: cajennio@bechtel.com, Џошуа Томас Бејкер од Обединето Кралство, со адреса на ул.Димитар Пандилов бр.24-1/3 Скопје Центар, со ел.сандаче: Jtbaker1@bechtel.com.

3. БЕХТЕЛ ЕНКА УК ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје со седиште на ул.Максим Горки бр.13 настел-згр.1 вл.1/4/4 Скопје Центар, со ЕДБ4080022608159, ЕМБС7608020, застапувано од овластените лица Озгер Инал од Турција, со живеалиште на адреса Зинцирликују Јолу бр.10 34349 Бешикташ, Истамбул-Турција, Џошуа Томас Бејкер од Обединето Кралство, со адреса на ул.Димитар Пандилов бр.24-1/3 Скопје Центар, со ел.сандаче: jtbaker1@bacsrmp.com.

**П Р Е Д Л О Г**

**ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА**

Согласно одредбите од чл.31, в.в. со чл.34 и чл.35 ст.2 в.в. со чл.36 од Законот за обезбедување на побарувањата, доверителите го поднесуваат овој предлог за изрекување на привремена мерка за обезбедување на непаричното и паричното побарување против должниците Јавно претпријатие за државни патишта, БЕХТЕЛ ЕНКА УК2 ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје и БЕХТЕЛ ЕНКА УК ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје, поради следните причини:

Доверителите се сопственици на недвижен имот во с.Оревоец Општина Прилеп.

ДОКАЗ: Имотни листови за секој од доверителите.

Врз основа на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница:Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Струга-Ќафасан) и коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп-Битола) во РСМ објавен во Сл.Весник на РСМ бр.163 од 16.07.2021 година, должникот Јавно претпријатие за државни патишта се јавува како инвеститор а должникот БЕХТЕЛ ЕНКА УК2 ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје и должникот БЕХТЕЛ ЕНКА УК ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје се јавуваат како стратешки партнер во реализација на проектот за изградба на коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп-Битола) за чија цел отпочнати се градежни активности во месноста на с.Оревоец што подразбира ископ, обработка и транспорт на градежен материјал во месноста помеѓу с.Оревоец и с.Плетвар.

На превојот помеѓу с.Плетвар и с.Оревоец се отпочнати активности за експлоатација на минерална суровина-градежно технички материјал преку кои се врши минирање на теренот кое го загрозува животот и безбедноста на жителите на с.Оревоец, детонациите предизвикуваат оштетувања на објектите-куќите во с.Оревоец и предизвикуваат опасна ситуација врз статиката на објектите а со тоа и врз животот на жителите.

На влезот од регионалниот пат Плетвар-Прилеп, до крстосницата помеѓу с.Оревоец и с.Плетвар, противниците превземаат градежни активности со проширување и тампонирање на патот по кој сега се движи тешка механизација и тешки товарни возила чија што маса изнесува над 15 тони користејќи го и постоечкиот и проширениот пат и на таков начин е нарушен нормалниот сообраќаен режим, загрозена е безбедноста на учесниците во сообраќајот на овој патен правец и спротивно на забраната за управување на тешки товарни возила над дозволената маса од 7,5 тони преку користење на овој пат е извршено оштетување на постоечкиот пат а од употребата и проширувањето се дига огромна прашина која е штетна по здравјето на жителите, животниот и растителниот свет.

На крстосницата помеѓу с.Оревоец и с.Плетвар, противниците вршат градежни активности преку промена и адаптација на теренот во база за работници и работни машини, од каде преку текот на денот се активни на теренот каде се вршат ископувања на превојот помеѓу с.Оревоец и с.Плетвар и преку текот на целиот работен ден од овој ископ се дига огромна силиконска прашина која атмосверските влијанија ја носат во с.Оревоец, с.Крстец и с.Плетвар и на таков начин штетат на чистиот воздух кој го дишат жителите на с.Оревоец и с.Плетвар. На превојот помеѓу с.Оревоец и с.Плетвар се наоѓа единствениот извор на вода од кој се врши акумулација на вода во резервоарите за вода во с.Оревоец од кои се снабдуваат со питка вода за пиење жителите на с.Оревоец а која е отстапена на трајно стопанисување на ЈКП Водовод и канализација Прилеп.

Во Националната Стратегија за заштита на природата (2017-2027), превојот Плетвар-прилепско, е во првите десет најважни центри на националниот ендемизам, особено по ендемичните растителни видови кој се појавуваат поради специфичните почви и минерали кои се наоѓаат на подрачјето како што е флористичкиот ендемит Potentilla pletvarensis кој вирее само на Плетвар, Centaurea grbavacensis, Helianthemum marmoreum . Типичен пример за еден таков ендемски вид е пеперутката Чингова окатка (Pseudochazara cingovskii), ендемски вид која според досегашните објавени истражувања се среќава само во околината на Плетвар. Оваа пеперутка за сега се знае дека живее само на Плетвар, на површина не поголема од 1,5 км$^2$ и на ниедно друго место во светот. Припаѓа на родот лажни хазарки (Pseudochazara). Пределот кој го населува е сув, со каменита, варовничка подлога, која е прекриена со ретка вегетација, на надморска височина од 1000 до 1200 м. Како возрасна единка, пеперутка, лета од крајот на јули и почеток на август кога и се размножува и полага јајца, но сè уште не е потврдено во која форма ја минува зимата. Според Butterfly Conservation Europe, овој вид на дневна пеперутка претставува еден од најретките и најчувствителните видови во Европа. Во истражувањето на Македонското ентомолошко друштво, се нотира дека на Плетвар се наоѓаат не повеќе од 3000 возрасни единки од овој вид и дека има тренд на намалување на бројката. Овој вид на пеперутка од 2010-та се наоѓа на Црвената листа на загрозени видови, во категоријата критично загрозен вид со тенденција за опаѓање на популацијата. Главна закана за опстанокот на оваа пеперутка е рударската индустрија и каменоломот кој се наоѓа во близина на нејзиното живеалиште. Градежните активности на противниците се извршуваат токму на овој предел.

Покрај тоа, поради ископувањата и детонациите кои се вршат на превојот помеѓу с.Оревоец и с.Плетвар преку текот на целиот работен ден се слуша неподнослива бучава од

работните машини а на таков начин исчезна сиот животински свет кој во овој предел со, срни, зајаци, лисици, змии и др.животни.

Заради утврдување на фактичката состојба на лице место, од страна на должниците предлагачи, беше поднесен предлог за обезбедување на докази врз основа на кој од страна на Основен суд Прилеп на ден 03.06.2024 година беше излезено на лице место и судот со помош на вешти лица ја утврди фактичката состојба.

ДОКАЗ: - Да се спојат списите на предметот ВПП2-47/24 на Основен суд Прилеп.

- Да се изврши увид на лице место на локалитетот „Оревоец„ Општина Прилеп.
- Барање од 29.04.2024 год.на предлагачите со потврди за прием на пратка;
- Известување Арх.бр.24-2256/2 од 14.05.2024 год.на Министерството за економија на РСМ.
- Иницијатива за зголемување на еколошката безбедност на потегот Плетвар-Прилеп Дел.бр.11-1181/1 од 20.05.2024 год.на Влада на РСМ Центар за управување со кризи;
- Писмен поднесок Арх.бр.22-504/2 од 27.05.2024 год. на РСМ Државен инспекторат за животна средина;
- Известување Арх.бр.24-2355/2 од 03.06.2024 год.на РСМ Министерство за економија-Сектор за минерални суровини;
- Известување Арх.бр.22-504/3 од 27.05.2024 год.на РСМ Државен инспекторат за животна средина;
- Известување Арх.бр.24-2355/2 од 03.06.2024 год.на РСМ Министерство за економија-Сектор за минерални суровини;
- Поднесок/Барање за достава на писмени докази од 09.06.2024 год.на предлагачите;
- Барање од 30.05.2024 год.на УЗ на с.Оревоец.
- Иницијатива за вршење на вонреден инспекциски надзор од 30.05.2024 год.со потврда за прием на ел.адреса;
- Да се изврши распит на сведокот Цветанка Николоска од Прилеп-вработена како Овластен инспектор за животна средина при ЕЛС Општина Прилеп;
- Да се задолжи ЕЛС Општина Прилеп да го достави записникот од извршен вонреден инспекциски надзор извршен во месноста Оревоец од страна на Овластен инспектор за животна средина при ЕЛС Општина Прилеп Цветанка Николоска од Прилеп;
- Извадок од Националната Стратегија за заштита на природата (2017-2027) на РСМ Министерство за животна средина и просторно планирање донесена од Владата на РСМ на 58-та Седница одржана на ден 13.03.2018 година.

Пред поднесување на предлогот за обезбедување на докази, доверителите до, Министерството за транспорт и врски на РСМ, Министерство за економија на РСМ и ЕЛС Општина Прилеп, поднесоа барање со кое од нив побараа доставување на целокупната документација со која тие располагаат околу реализацијата на проектот, но само од страна на Министерството за економија на РСМ беше доставено Известување Арх.бр.24-2256/2 од 14.05.2024 година со кое предлагачите се известени дека од страна на противникот Јавно претпријатие за државни патишта до Министерството за економија е доставено барање за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на коридорот 8 и 10 на минерална суровина – мермер на локалитетот „Оревоец„ Општина Прилеп кое е во процедура.

Во постапката ВПП2-47/24 доверителите од должниците и со писмен поднесок побараа ставување на писмена документација за потребите од изготвување на вештите наоди на вештите лица по кое должниците до денес немаат постапено и немаат доставени ниту еден писмен доказ.

ДОКАЗ: - да се задолжат должниците да достават:

- Барањето за добивање концесија со прилозите и тоа: елаборат со пресметка на потребни количини на минерални суровини кои се предмет на барањето заедно со стручна оцена (ревизија) на истиот, топографска карта во размер 1:25000 на која се нанесени координатите на граничните точки на локацијата за која се бара одобрението, план за рекултивација на просторот по завршувањето на експлоатацијата на минералните суровини, главен рударски проект во кој се опишуваат технолошките операции и целиот начин и постапки со мерки за безбедност при експлоатацијата на минералната суровина. Начинот на минрање и товарање и транспорт количини на суровини и нивна припрема или дробење, координатите на просторот за експлоатација, типот на машините и посебно начинот на минирање.
- Дали пред отпочнување со експоатација концесионерот го известил Секторот за минерални суровини и Државниот рударски инсектор дека се отпочнува со работа (доколку постојат таквите известувања истите да бидат приложени во писмена форма);
- Геодетски Елаборат со кој ке се види дали просторот опфатен со Барањето за концесија е државно земјиште или приватен посед.
- Елаборат за оцена на влијанието на животната средина и препорачани мерки за заштита на околната средина одобрен од Министарството за екологија,
- Планот за отпад од минерална суровина (јаловина) според правилник донесен во м. Февруари 2023 година од кој се проценува износот на отпадот или јаловината и планот за рекултивација на просторите и мерки за безбедност на теренот нарушен од експлоатацијата.
- Решение или дозвола за користење на јавен пат при траспортот на суровините, и приклучок на јавен пат со сообракајно решение спакувано во посебен проект.
- Дозволата за користење или испуштање на техничкка вода ако се користи во технол/ процес, издадена од надлежен орган од Државната управа за управување со води.
- Договор за техничка соработка со друга фирма што врши дупчења и минирања и има овластување за рударски активности;
- документите за секое извршено минирање упатени до органот во МВР – Прилеп Сектор за оружје, муниција и експлозивни средства, согласно Закон за промет со експлоаивни материи, Закон за заштита од експлозивни материи , Правилникот за техничките нормативи при изведување на минирања и др.
- доказ за тоа дали фирмата која го вршела минирањето ги има доставено сите потребни документи еден ден пред секое минирање до органот во МВР – Прилеп Сектор за оружје, муниција и експлозивни средства.
- Елаборатза параметрите на минирање.

- Дозволите за набавка и транспорт на експлозиви назначени количини, релација и фирма што издава и фирма превзема експлозивот и детонаторите и другите средства (каписли,
- лиценците на правните лица кои го вршеле минирањето.
- пресметаните растојанија за безбедност , предвидени ефекти од експлозиите, мерки за безбедност на околината и др.
- Б-интегрирана еколошка дозвола издадена од ЕЛС Општина Прилеп.
- договорот за градење склучен врз основа на чл.6 ст.7 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница:Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Струга-Ќафасан) и коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп-Битола) во РСМ објавен во Сл.Весник на РСМ бр.163 од 16.07.2021 год.

Согласно чл.43 од Уставот на РСМ „Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.„.

Согласно одредбите од чл.55 ст.3 од Уставот на РСМ „Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.„.

Согласно одредбите од чл.56 ст.1 и 3 од Уставот на РСМ „Сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.„.

Согласно чл.1 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница:Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Струга-Ќафасан) и коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп-Битола) во РСМ објавен во Сл.Весник на РСМ бр.163 од 16.07.2021 година „Со овој закон се уредуваат деталите во врска со планирањето, проектирањето и изградбата и употребата на дел од Коридорот 8, Делницата: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа –Струга – Ќафасан (во натамошниот текст: „Коридорот8") и планирањето, проектирањето и изградбата и употребата на Коридорот 10 д, делница на автопатот Прилеп – Битола (во натамошниот текст: „Коридорот 10 д") како проекти од национален интерес и се номи- нира стратешки партнер за реализација на проектите со цел да се постигне одржлив и безбеден развој на регионалното поврзување на Република Северна Македонија преку комплетирањето на Паневропските Коридори 8 и 10 д.„.

Согласно чл.6 ст.6 и 7 од истиот закон „Стратешкиот партнер и Инвеститорот ќе го склучат Договорот за градење за спроведување на Проектот и изградба на Коридорот 8 и Коридорот 10 д. Договорот за градење особено мора да ги вклучува: проценетата вредност на услугите и работите, меѓусебните права и обврски на договорните страни (вклучително и солидарната одговорност на Инвеститорот), начинот на плаќање, динамиката на извршување на работите и плаќањата, последиците од непочитување на утврдената динамика, начинот и фазите на давање на владение на локацијата и започнување на работите, промени во работното време при извршување на работите на изградба според утврдената динамика, како и кои било други прашања од значење за спроведување на Проектот за изградба на Коридорот 8 и/или Коридорот

Според Договорот за градење, Стратешкиот партнер може да ја преземе улогата на менаџирање и координација при изборот и назначувањето на трети страни за подготовка на Проектната документација („Проектанти") како и со координација, планирање и менаџирање со процесот на проектирање, како што ќе биде понатаму детално уредено во Договорот за градење. Стратешкиот партнер е ослободен од каква било одговорност која произлегува или е во врска со услугите/работите извршени од страна на Проектантите, а договорите склучени помеѓу Стратешкиот Партнер и Проектантите ќе му бидат пренесени на Инвеститорот.„.

Согласно чл.9 ст.1 од истиот закон „Стратешкиот партнер има обврска да ги добие сите релевантни локални лиценци неопходни за извршување на проектантските и градежни работи и за обезбедување на услугите, секоја по потреба, освен ако со овој закон не е поинаку уредено.„.

Согласно чл.10 ст.1, ст.2 и ст.4 од истиот закон „Инвеститорот ќе аплицира и ќе ги прибави сите потребни лиценци, одобренија и концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во согласност со важечките закони. Согласно со природата на Проектот, Инвеститорот може да ги добие сите потребни лиценци, одобренија и концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во итна постапка без да обезбеди одобрение за градба. Додека се користат експроприраните јами и каменоломи за целите на Проектот, Инвеститорот и Стратешкиот партнер ќе ги почитуваат сите применливи регулативи за минерални суровини, со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот..„.

Согласно чл.37 од Законот за минерални суровини „Концесионерот во рок од 15 дена пред започнувањето со експлоатација до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот инспекторат за животна средина е должен писмено да извести за започнувањето со експлоатацијата и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини да ја достави финансиската гаранција од членот 96 од овој закон.„.

Согласно чл.40-а ст.2 и 3 од Законот за минерални суровини „Барањето за доделување на концесија за експлоатација го поднесува носителот на одобрението за градба на државниот пат или единиците на локалната самоуправа во чие подрачје е предвидена изградба на општинскиот пат или хидротехничкиот објект до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. Кон барањето за добивање концесија од ставот (1) на овој член се приложува: елаборат со пресметка на потребни количини на минерални суровини кои се предмет на барањето за добивање на одобрението од ставот (1) на овој член, заедно со стручна оцена (ревизија) на истиот, топографска карта во размер 1:25000 на која се нанесени координатите на граничните точки на локацијата за која се бара одобрението од ставот (1) на овој член и план за рекултивација на просторот по завршувањето на експлоатацијата на минералните суровини.

Со оглед на тоа што, во постапката ВПП2-47/24 пред Основен суд Прилеп поради обемот на вештачењата кои треба да се изготват, на вештите лица им е даден рок од 30 дена за изготвување на вештачењата а со реализацијата на градежните активности на должниците во месноста на с.Оревоец што подразбираат ископ, обработка и транспорт на градежен материјал во месноста помеѓу с.Оревоец и с.Плетвар се предизвикува ненадоместлива штета по животната средина, здравјето и безбедноста на доверителите и другите жители, доверителите го

поднесуваат овој предлог за изрекување на привремена мерка за обезбедување на непари, парично побарување против должниците со која би се спречило понатамошно предизвикув на материјална штета и настанување на идна ненадоместлива штета по животната сред, имотот, здравјето и безбедноста на доверителите.

Согласно одредбите од чл.31 од ЗОП „ Привремена мерка може да се дозволи пред поведувањето и во текот на судска или управна постапка.„. Согласно чл.34 ст.1 од истиот закон „За обезбедување на парично побарување може да се дозволи секоја мерка со која се постигнува целта на таквото обезбедување..„, согласно чл.35 ст.2 од истиот закон „Привремена мерка може да се дозволи и кога доверителот стори веројатно дека мерката е потребна за да се спречи употреба на сила или настанување на ненадоместлива штета.„, согласно чл.36 ст.1 т.3 од истиот закон „ За обезбедување на непарично побарување може да се дозволи секоја мерка со која се постигнува целта на таквото обезбедување, а особено: забрана на должникот да презема дејствија што можат да му нанесат штета на доверителот, како и забрана да се извршат промени на предметите кон кои е насочено побарувањето.„.

Со оглед на тоа сето погоре наведено на Основен суд Прилеп му предлагаме да закаже и одржи рочиште по поднесениот предлог за изрекување на привремена мерка на кое ќе ги изведе предложените докази а потоа ќе го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Предлогот на доверителите Жарко Стеваноски од Прилеп, Рубинчо Рујаноски од Прилеп, Марјан Пурдановскис.Оревоец, Зоран Трајкоски од Прилеп, Весна Станкоска од Прилеп, Љупче Атанасоски од Прилеп, Горазд Ефтимоски од Прилеп,. Димче Тодороски од Прилеп, Зоран Петрески од с.Оревоец, Роберт Бунтески од Прилеп, Звездана Колевска од Прилеп, Јулка Спиркоска од с.Оревоец, Игор Ѓорѓиоски од Прилеп, Борис Бошкоски од Прилеп, Билјана Павлоска од Прилеп, Александра Чиртоска од Прилеп, и Дејан Ачкоски од Прилеп за обезбедување на непарично и парично побарување **СЕ УСВОЈУВА.**

На должниците Јавно претпријатие за државни патишта, БЕХТЕЛ ЕНКА УК2 ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје со ЕДБ4080022603491, ЕМБС7567626, и БЕХТЕЛ ЕНКА УК ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје со ЕДБ4080022608159, ЕМБС7608020, **ИМ СЕ ЗАБРАНУВА** да превземаат било какви градежни активности со минирање, расчистување на теренот, ископ на миниралнa суровина-градежно технички материјал мермер, дробење на градежно техничкиот материјал и транспорт на градежно техничкиот материјал во месноста помеѓу с.Плетвар и с.Оревоец и да го користат локалниот пат за с.Оревоец кој се приклучува на регионалниот пат Градско-Прилеп.

Привремената мерка ќе трае до правосилно завршување на постапката по тужба која доверителите се должни да ја поведат во рок од 60 дена сметано од денот на донесување на решението за привремена мерка.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување и жалбата не го одлага неговото извршување.

Прилог:

- Налог од уплата на судска такса за предлог;
- 3/три тековни состојби за противниците;

- Полномошно,17/седумнаесет копии од лични карти и имотни листови за предлагачите;
- Барање од 29.04.2024 год.на предлагачите со потврди за прием на пратка;
- Известување Арх.бр.24-2256/2 од 14.05.2024 год.на Министерството за економија на РСМ.
- Иницијатива за зголемување на еколошката безбедност на потегот Плетвар-Прилеп Дел.бр.11-1181/1 од 20.05.2024 год.на Влада на РСМ Центар за управување со кризи;
- Писмен поднесок Арх.бр.22-504/2 од 27.05.2024 год. на РСМ Државен инспекторат за животна средина;
- Известување Арх.бр.22-504/3 од 27.05.2024 год.на РСМ Државен инспекторат за животна средина;
- Известување Арх.бр.24-2355/2 од 03.06.2024 год.на РСМ Министерство за економија-Сектор за минерални суровини;
- Поднесок/Барање за достава на писмени докази од 09.06.2024 год.на предлагачите;
- Барање од 30.05.2024 год.на УЗ на с.Оревоец.
- Иницијатива за вршење на вонреден инспекциски надзор од 30.05.2024 год.со потврда за прием на ел.адреса и кореспонденција;
- Извадок од Националната Стратегија за заштита на природата (2017 2027) на РСМ Министерство за животна средина и просторно планирање донесена од Владата на РСМ на 58-та Седница одржана на ден 13.03.2018 година.

**14.06.2024 год.**
**Прилеп**

**За доверителите-полномошник**
**Адв. ЖАРКО СТЕВАНОСКИ од Прилеп**